*Совет на Град Скопје*
*Këshilli i Qytetit të Shkupit*

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 11, точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06 и 22/07), Советот на Град Скопје на седумдесет и првата седница, одржана на 3 септември 2008 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за давање согласност на Одлуката за измена и дополна на Ценовникот на услуги што ги врши ЈП "Водовод и канализација"-Скопје

1. Се дава согласност на Одлуката за измена и дополна на Ценовникот на услуги што ги врши ЈП "Водовод и канализација"-Скопје, број 02-7595/2 од 15 јули 2008 година, донесена од Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализациа"-Скопје.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 07-2154/1
3 септември 2008 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KËSHILLI I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
Ирена Мишева Irena Misheva

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ SHKUP
Примено / Pranuar: 24-09-2008
Орг. единица / Njësia: 05 | Број / Numri: 7595/2 | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlerë

1000 Скопје, Илинденска бб
Република Македонија
тел.:+ 389 02/3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116 169
1000 Shkup, Ilindenska pn
Republika e Maqedonisë
tel.:+ 389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, numer 02-7595/2
Дата, data 15 -07- 2008
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација Скопје и член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен Весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03 и 49/06), Управниот Одбор на ЈП Водовод и канализација на својата шеесетивтора седница, одржана на ден 14.07.2008 година донесе

ОДЛУКА
за измена и дополна на
Ценовникот на услуги што ги врши
ЈП Водовод и канализација -Скопје

Член 1

Во член 1 од Спецификацијата на поединечни вредности за извршени работи во врска со услугите што ги врши ЈП Водовод и канализација – Скопје која е составен дел на Ценовникот на услуги што ги врши ЈП Водовод и канализација –Скопје Бр.02-6025/2 од 15.10.2002 год., во делот „Бактериолошка и хемиска анализа на вода во лабораторија на ЈП Водовод и канализација Скопје, по точката со реден број 2, се додава нова точка со реден број 3 која гласи:

**„3. Бактериолошка и хемиска анализа на отпадна вода, со единечна цена од 6.949,50 денари"**

Во цената од став 1 на овој член не е пресметан ДДВ во висина од 18%.

Член 2

Останатите одредби од Ценовникот на услуги што ги врши ЈП Водовод и канализација –Скопје Бр.02-6025/2 од 15.10.2002 год. остануваат непроменети.

Член 3

Оваа Одлука да се достави до Советот на Град Скопје за давање согласност.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Исамедин Азизи